Уп. бр. 08-103

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Елементал.ТВ ЕООД со регистрирано седиште на ул.122 Овче Поле, четврти кат, канцеларија ЕМЦ2, Софија, Р.Бугарија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 01.08.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на Елементал.ТВ ЕООД со регистрирано седиште на адреса 122 Овче Поле, четврти кат, канцеларија ЕМС2, Софија, Република Бугарија над целниот бизнис кој се состои од ТВизио договори, база на податоци за клиенти и ТВизио имотот од друштвото ТВизио БГ ЕООД со седиште на адреса Витоша, бр. 32 Бул. Александар Пушкин, трети кат, стан 14, Софија, Република Бугарија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 24.06.2025 година, а дополнето на ден 04.07.2025 година и 14.07.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Елементал.ТВ ЕООД со регистрирано седиште на адреса 122 Овче Поле, четврти кат, канцеларија ЕМС2, Софија, Република Бугарија и ТВизио БГ ЕООД со седиште на адреса Витоша, бр. 32 Бул. Александар Пушкин, трети кат, стан 14, Софија,

Република Бугарија, со кое Елементал.ТВ ЕООД ќе стекне самостојна контрола над целниот бизнис кој се состои од ТВизио договори, база на податоци за клиенти и ТВизио имотот од друштвото ТВизио БГ ЕООД.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Елементал.ТВ ЕООД** е дистрибутер на медиумски содржини по пат на ОТТ платформи од Софија, Бугарија. Онлајн ТВ програмите кои ги дистрибуира Елементал.ТВ се пред сè наменети за корисници во Република Бугарија.

Елементал.ТВ е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

Во Северна Македонија, БЦ Партнерс е активен преку следните индиректно зависни друштва:

**-ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр. 5-1 локал 2/Скопје – Центар, Северна Македонија, а кое се занимава со дејности на агенција за маркетинг и

**-УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Скопје – Центар, а кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

-телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа (United Media));

-услуги за огласување (Дирецт Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));

-телекомуникациски услуги (минимални приходи на локалниот пазар остварува Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana)).

-Целниот бизнис (**ТВизио БГ ЕООД** ) опфаќа дигитална платформа која функционира преку веб-страницата www.tvizio.bg и www.bgtv-on.com, како и соодветните мобилни апликации за Android и iOS оперативни системи. ОТТ платформите им овозможуваат на корисниците пристап до догитални содржини во облик на аудио-визуелни и други медиумски содржини, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, радио и телевизиски програми.

ТВизио БГ ЕООД нема зависни друштва во Северна Македонија и во претходната година не оставрил приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за

заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**